Прилог бр.3		**Предметна програма од трет циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	СОВРЕМЕН ПРИСТАП ВО ТРЕТМАНОТ НА ДЕНТАЛНИОТ КАРИЕС			
2.	Код	ДСДПС11			
3.	Студиска програма	Трет циклус студии – докторски студии по стоматологија на Стоматолошки факултет - Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје Стоматолошки факултет – Скопје Катедра за детска и превентивна стоматологија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Трет циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	1	семестар	1
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Одговорен наставник: проф. Ана Сотировска Ивковска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	/			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Компетенции и резултати од учењето : Денталниот кариес, се разгледува како најчесто хронично заболување, неговиот клинички третман, давајќи акцент на етиологијата и процесот на болеста, клиничката проценка и прогноза и поширокиите прашања од јавното здравје поврзани со справувањето на денталниот кариес, вклучувајќи зголемен фокус на контрола на заболувањето. Преку дискутирање на теоријата се нагласува како знаењето може да се примени и во клиничката пракса и во јавното здравство за подобрување на оралното здравје.			

12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**1.Поглавје** - Глобална распространетост на денталниот кариес 3 часа - Улогата на шеќерите во етиологијата на денталениот кариес 3 часа - Стратегии за спречување на дентален кариес 3 часа - Дијагноза на кариозниот процес 3 часа - Колку рано треба да се откријат кариозните лезии 3 часа -Кои се најдобрите визуелно-тактилни дијагностички методи за откривање на кариесот 3 часа - Што бараме? Што е кариес? 3 часа *Резултати од 1 поглавје: Студентите се стекнуваат со знаења за етиологијата, клиничките манифестации, дијагнозата, клиничкиот третман и превенцијата на кариозниот процес. Се анализираат актуелните проблеми во оваа област и се презентираат најновите наоди од истражувањата, се дискутира поврзаноста на биофилмот и плунката и значењето на рамнотежата помеѓу деминерализацијата и реминерализацијата за развојот на кариозните лезии.* **2.Поглавје** -Разновидност на дијагностички методи и критериуми за откривање на кариес 3 часа - Процесот на де- и реминерализација – клучни за разбирање на клиничките манифестации на денталниот кариес 3 часа -Промени на емајлот за време на раниот развој на кариозната лезија – бело петно 3 часа -Реакција на дентин при прогресија на кариес, колку кариозен дентин треба да се отстрани 3 часа -Кариозни кавитети – како да се справите со „инфицираниот“ дентин и пулпалниот одговор 3 часа -Кои неоперативни, третмани се достапни 3 часа - Микрионвазивен третман 3 часа -Стратегија за минимално инвазивна ресторативна терапија на кариес 3 часа *Резултати од 2 поглавје: Студентите се стекнуваат со знаења за најновите можности за дијагностицирање и терапија на кариес, кои им обезбедуваат на практичарите да ги задоволат потребите на секој пациент поединечно. Се запознаваат со концептот за контрола на кариесот и како најефикасно да се спроведе минимално инвазивното лекување на заболувањето со максимално зачувување на цврстите забни супстанции.*

13	Заемна поврзаност на предметите	Дентален плак и неговата улога во настанувањето на денталниот кариес		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Предметот го обработува денталениот кариес: болеста и неговиот клинички третман, со посебен осврт на етиологијата и процесот на болеста, клиничката проценка и прогноза и како стоматолозите да го третираат денталниот кариес, давајќи му зголемен акцент на контролата на заболувањето, за да се подобри оралното здравје. - Презентација на методските единици од страна на професорот; - Дискусија на часовите за методските единици; - Дискусија на студентите со професорот за најновата литература поврзана со содржините на предметот.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	180 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	45
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), <u>семинари, тимска работа</u>: часови	30
		16.3.	Пракса: часови	
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	20
		17.2.	Самостојни задачи: часови	25
		17.3.	Домашно учење - задачи	60
18	Услови за потпис	Редовно присуство на теоретската настава и изработка на семинарски труд.		

19	Начин на оценување		
	19.1.	Тестови: бодови	40
	19.2.	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови	20
	19.3.	Завршен испит: бодови	40

20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	до 59 бода	5 (пет) (F)
		од 60 до 68 бода	6 (шест) (E)
		од 69 до 76 бода	7 (седум) (D)
		од 77 до 84 бода	8 (осум) (C)
		од 85 до 92 бода	9 (девет) (B)
		од 93 до 100 бода	10 (десет) (A)
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Самоевалуација од страна студентите, проодноста на студентите кои го положиле предметот, редовни состаноци на наставниот кадар за преглед на успешноста и идентификација на подобрувања, надворешна евалуација.	

22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	FejerskovO; Nyvad B	Dental caries, the disease and its clinical management	Wiley-Blackwell	2024
		2.	Xuedong Z	Dental Caries: Principles and Management	Springer	2015
		3.	Ѓоргиевска Е. и сор.	Детска стоматологија	ArsLamina	2022
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.				
		2.				

		3.				